# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## МАРТ 2024 г.





**Во тек се градежни работи во Лесна Индустрија и Усова Чешма**

На неколку локации во општина Кочани се одвиваат градежни активности за уредување на патната и комуналната инфраструктура.

Во Лесна Индустрија се поставени цевки за атмосферска и фекална канализација и веќе се работи на машински ископ за порамнување на теренот за изградба на улицата „Новопроектирана 1“. Тековните работи ги изведува „Калина“ од Оризари, а во наредниот период ќе биде распишана јавна набавка за асфалтирање на оваа улица. Средствата во висина од близу 4 милиони денари се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани.

Во населбата Усова Чешма, се поставува фекална канализација на крак од улицата „Мишо Арсов“. Работите ги изведува КЈП „Водовод“, а со изградбата на овој крак со канализацискиот систем ќе бидат поврзани десетина домаќинства.



**Во Кочани се реализира кампања за безбедност во сообраќајот под мотото „Стави појас!“**

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Кочани, во соработка со Општина Кочани, СОУ „Гошо Викентиев“ и Полициската станица – Кочани деновиве спроведуваат активности во рамките на кампањата за безбедност во сообраќајот под наслов „Стави појас!“.

Сообраќајни патроли на улиците во Кочани ја контролираат употребата на сигурносниот појас од страна на возачите и на сопатниците. При проверката, учесниците



во сообраќајот добиваат информативни летоци за придобивките од користењето на сигурносниот појас.

Целта на кампањата е да се нагласи задолжителната употреба на појасот, со што се зголемува личната безбедност и заштита на возачот, односно на патникот.





**Се гради „Кејската улица“ во Оризари**

Во Оризари, од десната страна на Масалница, на потегот од влезот во селото кон црквата „Св. Атанасиј“, се гради улицата „Кеј на револуцијата“.

Улицата е долга 600 м, широка 7 м, со тротоари од двете страни. Деновиве се работи на тампонирање на теренот, поставување на тротоарски и улични рабници и на поплочување на тротоарите. Проектот опфаќа изградба на потпорен ѕид, пропусти и сливници за атмосферска вода и поврзување со улицата „Ангел Донев“. Изведувач на работите е „Коле транс инженеринг“. Средствата во износ од 11,5 милиони денари се од Буџетот на Општина Кочани.

Паралелно со градежните активности, се работи и на уличното осветлување. Поставени се фундаменти за уличните столбови. Работите ги изведува „Код инженеринг“ од Скопје. За изградба на јавното осветлување на дел од улицата „Кеј на револуцијата“ се наменети 2 милиона денари.

Со изградбата на овој потег од улицата, кејот на Масалница на влезот во Оризари целосно ќе се обликува. Во функција на уредување на кејот на реката се и порамнувањата и чистењето на теренот во горниот тек на реката.



**Кампањата за безбедност во сообраќајот продолжува под знакот на Меѓународниот ден на жената**

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Кочани, во соработка со Општина Кочани, СОУ „Гошо Викентиев“ и Полициската станица – Кочани денес ја продолжи кампањата за безбедност во сообраќајот, во знакот на Меѓународниот ден на жената, 8 Март.

Сообраќајната патрола делеше информативни летоци со пораки за внимателно и безбедно движење и управување на возилата, а во чест на празникот, жените учеснички во сообраќајот добиваа цвет.

| | |
|---|---|
|  | Кампањата за внимателно и безбедно учество во сообраќајот и почитување на сообраќајните правила и прописи ќе продолжи и во наредниот период. |
| <br> | **Почна рехабилитацијата на улицата „Борис Трајковски“ во Кочани**<br><br>Започнаа активностите за рехабилитација на улицата „Борис Трајковски“, од спојот со „Кеј на Револуцијата“ до спојот со улицата „Раде Кратовче“, во должина од 785 м.<br><br>Рехабилитацијата опфаќа гребење на асфалтот, санирање на дупките, решавање на одводнувањето со бетонски сливни решетки за атмосферска канализација и поставување нов асфалтен слој. Додека траат градежните активности, сообраќајот ќе се одвива според времен режим.<br><br>Стручните служби од Општина Кочани известуваат дека ќе се изврши и реконструкција на тротоарите од двете страни на улицата и ќе бидат поставени нови улични рабници. Уредувањето на пешачката површина ќе биде искористено за поставување подземна електрична инсталација.<br><br>Во текот на градежните работи ќе се отстрани високостеблеста вегетација, чии корени се навлезени во асфалтот и создаваат нерамни површини. На улицата „Борис Трајковски“ ќе биде поставена нова хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација.<br><br>Изведувач на работите е градежната фирма „Ескаваторе“, надзор – „Геинг“, а инвеститор е Министерството за транспорт и врски, со средства обезбедени од Светска банка. |
|  | **Панел-дискусија: „Одржлив туризам за патување во Кочани“**<br><br>Општина Кочани во соработка со Здружението „Еко Логик“ – Скопје денеска организираа панел-дискусија на темата: „Одржлив туризам за патување во Кочани“.<br><br>Настанот го отвори градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој говореше за природните потенцијали на Кочани и можностите за нивно ставање во функција на |

| | |
|---|---|
|  | развој на туризмот, како и за потребата од подигање на свеста за промовирање зелени вештини и професии, особено во секторот туризам.<br><br>Пред присутните беа презентирани четири теми. Успешната приказна за одржлив туризам со „Еуро Хотел Градче“ ја претстави Руди Георгиев. Ирена Мирчовска од Еко Тим Исток – Кочани презентираше креирање на туристичка мапа за еко туризам во Кочани, како и бизнис план за еко туризам, резултат од проектна активност на Еко Тим Исток, а Лазо Димитров од граѓанското здружение „Среќни луѓе“ го претстави проектот „Браната Градче да блесне како езерски бисер“ – проекти поддржани од ЕУ и кофинансирани од Општина Кочани.<br><br>Активноста е дел од проектот „Припер“ – Промовирање заштита на природата и учење за климатските промени, проект кој е финансиран од Европската Унија преку Еразмус+ програмата КА2 – Партнерства за соработка во областа на младите. Координатор на проектот е Општина Ушак од Турција.<br><br>Други партнери во проектот, покрај Општина Кочани се општините Селчи од Италија и Метаморфозис од Грција, потоа Еко Логик – Македонија, Sustainable development Association од Турција, System Dynamics Italian Chapter – Италија и LATRA Innovation Lab – Грција и Symplexis – Грција. |
| <br> | **Продолжува озеленувањето на површини во општина Кочани**<br><br>Акцијата за засадување нови садници во Кочани продолжува. Деновиве се озеленија површини во централното градско подрачје, како и на влезот и на излезот во Кочани.<br><br>Во текот на вчерашниот ден е оформена зелена ограда од источната страна на ОУ „Св. Кирил и Методиј“, засадени се земјените површини на повеќе кружни текови, а дополнети се и разделните зеленила. Се засадуваат дрвца од видовите јасен, јавор, јапонска цреша, црвена слива и др.<br><br>Службите на Општина Кочани ќе продолжат и во наредниот период со активности за озеленување, со цел да се придонесе за зголемување на зелената маса и за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух. Едновремено се апелира до граѓаните грижливо и совесно да се однесуваат и да не ги оштетуваат новите садници и останатата високостеблеста вегетација. |
| | |





**По повод Денот на крводарителството во Македонија – градоначалникот Папазов организираше прием на повеќекратни крводарители од Кочани**

Во пресрет на 17 Март – Денот на крводарителството во Македонија, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов организираше прием на претставници на Општинската организација на Црвен крст – Кочани и повеќекратни крводарители.

– Ова е традиционална средба со кочанските крводарители на која разговараме за тековните состојби, предизвиците и плановите за работа во следниот период. На тој начин ја изразуваме нашата поддршка кон оваа значајна организација и кон крводарувањето како хуман чин – истакна градоначалникот Папазов.

– Ова е уште една форма на промоција на крводарителството, почит и благодарност кон сите што дарувале од својата драгоцена течност и на тој начин спасиле живот – нагласи Анета Коцева, секретар на кочанскиот Црвен крст.

На средбата присуствуваа кочанци кои дарувале крв и повеќе од 100 пати. Тие што дарувале 100, 75 или 50 пати, на свеченоста по повод Светскиот ден на крводарителството, ќе добијат признанија.

Изминатата година Црвен крст – Кочани има реализирано 19 крводарителски акции и собрано 1006 крвни единици.





**Средба на градоначалникот Љупчо Папазов со планинарот што го искачи врвот Аконкагва – Зоран Николов**

Членот на Планинарското друштво „Осогово“ од Кочани, Зоран Николов, кој во февруари го искачи највисокиот врв на американскиот континент Аконкагва, денеска оствари средба со градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.

Градоначалникот му го честита планинарскиот подвиг на четириесет и деветгодишниот планинар, кој осум години се занимава со интензивно планинарење. Николов раскажа за решителноста, а на моменти и фанатичноста на шестчлената експедиција со која се искачи на 6962 м н. в., а ја истакна и огромната поддршка што ја добил од раководството и од членовите на кочанското планинарско друштво „Осогово“.



**Општина Кочани распиша оглас за организирање хепенинзи во Паркот на Револуцијата**

Општина Кочани распиша оглас за организирање Велигденски и Петровденски хепенинг, по пат на јавно наддавање, настани што по повод празниците ќе се одржат во Паркот на Револуцијата, во периодот од 2 до 8 мај и од 8 до 14 јули 2024 година.

Комисијата за организирање на овие настани ги повикува заинтересираните правни субјекти регистрирани во Централен регистар, да учествуваат на јавното наддавање што ќе се спроведе на 21 март 2024 година, во 12 часот во просториите на Општина Кочани. Учесниците на јавното наддавање треба да уплатат 10 % од почетната цена за лицитација до почетокот на самата лицитација. Почетната цена за јавното наддавање изнесува 10 000 ден., со праг на наддавање од минимум 1 000 ден.

За да биде успешно јавното наддавање потребно е да учествуваат најмалку двајца учесници.

Општина Кочани ќе склучи договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.

Обврска на закупецот ќе биде да обезбеди минимум пет монтажно-демонтажни објекти и штандови изработени од дрво или плексиглас, за продажба на: храна и пијалаци, сувенири, ракотворби и сл. Исто така, обврска на закупецот е да ги издава монтажно-демонтажните објекти и продажните штандови согласно законските прописи и да организира културно-забавни настани.





**Потпишано писмо за намери за долгорочна соработка помеѓу „ЕУВ“, Градот Кастроп-Рауксел, КЈП „Водовод“ и Општина Кочани**

На 15 март, во Општина Кочани се одржа вториот настан од проектот „Општинска размена на експерти Северна Рајна-Вестфалија и Северна Македонија“, имплементиран од Агенцијата за услуги заедници во еден свет (SKEW) во име на Државниот канцелар на Северна Рајна-Вестфалија и германското Министерство за економска соработка и развој, за зајакнување на партнерството меѓу Република Северна Македонија и Покраината Северна Рајна-Вестфалија на локално ниво, за размена на експертиза помеѓу „ЕУВ“, Градот Кастроп-Рауксел, КЈП „Водовод“ и Општина Кочани.

На работната средба беше потпишано Писмо за намери за соработка помеѓу партнерите – градот Кастроп Рауксел и Комуналното претпријатие „ЕУВ“ од германска страна, и



Општина Кочани и КЈП „Водовод“ од македонска страна, Во потпишаниот документ, како и на онлајн состанокот организиран од Германската агенција – спроведувач на проектот, се утврдени полињата за соработка.

– Иако проектот иницијално беше предвиден за управувањето со води (речни, води за пиење и пречистување на отпадни води), сепак постои широка лепеза на останати области во кои искуството кое го имаат Градот Кастроп-Рауксел и нивното комунално претпријатие „ЕУВ“ може да биде од интерес на граѓаните на општина Кочани. Врз основа на потпишаниот документ, како полиња за идна соработка се вклучени и унапредување на животната средина, напредно управување со комуналниот отпад, одржлив развој на туризмот, како и искористување на геотермалниот потенцијал. Дефинираме и воспоставување контакти за промоција и размена на културните вредности, соработка во обласа на образованието, младите, граѓанскиот сектор како и помеѓу претставниците на локалниот бизнис-сектор. Паралелно со потпишувањето на Писмото за намери за долгорочна соработка, претставниците на проектните партнери веќе работат на аплицирање за нови средства во износ од 50.000 евра, кои од страна на Канцеларијата на Северна Рајна Вестфалија ќе бидат наменети за работните состаноци на тимовите од проектните партнери во развој на идни проекти. Исто така, за оваа година е планирано и аплицирање за пристап до поголеми финансиски средства, до 500.000 евра, кои би овозможиле и развој на стратешка проектна документација за капитални инвестиции во општина Кочани, како на пример за искористување на геотермалниот потенцијал. Вредноста на овие стратешки проектни документи е уште поголема бидејќи тие би отвориле можност за пристап до Германските фондови за техничка помош – изјави Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани.

– Претставниците од регионалната канцеларија на Северна Рајна Вестфалија ни овозможуваат да го прошириме нашето поврзување, што е многу важно, така што оваа година ќе ја искористиме за да ја продлабочиме соработката врз основа на различни развојни програми и проекти. Во изминатите два дена посетивме различни постројки во делот на водоснабдувањето и одведувањето на отпадните води, а ги видовме и потенцијалите на градот. Она што може да биде многу битно за Кочани е развојот на туризмот, со што ќе се овозможи и развој на економијата и модернизација на инфраструктурата – истакна Штефан Тројке, претставник од општината Кастроп-Рауксел.

Во насока за подобар пристап од ЕУ-фондовите, договорено е формирање на заеднички тим, составен од претставници на сите проектни партнери, чии членови ќе учествуваат во изработка на апликации кон повеќе ЕУ-

програми од каде се очекуваат нови проекти во интерес на заедниците од двете општини.







**Медал за енергетска ефикасност за Пречистителната станица за отпадни води во Мојанци**

Рето Булер, претставникот на консултантската куќа „ЕБП“ при реализацијата на проектот Пречистителна станица за отпадни води во Мојанци, денеска, во Кочани го донесе престижното признание – медал за чест на Пречистителната станица во Кочани, коешто Асоцијацијата за отпадни води во Швајцарија го доделува за енергетски ефикасни оператори.

– Среќен сум што денеска сум тука, за реализацијата на Пречистителната станица за отпадни води, во која Швајцарија инвестира повеќе од 20 милиони швајцарски франци. Причината е медалот од Асоцијацијата за отпадни води во Швајцарија, и тоа е првиот медал што е даден на проект реализиран надвор од границите на Швајцарија. Медалот е добиен затоа што инсталиравме фотоволтаична централа на Пречистителната станица, која заедно со комората за производство на гас, покрива околу 70 % од целокупната потребна енергија за преработката на отпадните води – изјави Булер.

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го изрази задоволството од признанието и упати благодарност до сите учесници во реализацијата на Пречистителната станица.

– Задоволството е уште поголемо ако се навратиме наназад, кога почна оваа приказна во 2012 година, со изработката на физибилити-студијата и потребата од воспоставување на еден ваков објект, поминатите патишта и крајниот резултат кој во овој момент го крунисуваме со овој медал. Во поглед на енергетската ефикасност сакам да го потенцирам моментот дека Општина Кочани заедно со КЈП „Водовод“ прави дополнителни напори за зголемување на овој процент што беше спомнат, 70 %, за покриеност на потрошувачката на електричната енергија. Заедно со Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија, правиме дополнителна инвестиција за инсталирање на 560 киловати, постројки кои ќе репродуцираат дополнителни количини електрична енергија, со што бројката од 100 % за потребите на овој објект, во периодот кога имаме сончеви денови, ќе биде надмината и дел од вишокот на електрична енергија ќе може да се пласира на слободниот пазар – истакна Папазов.

Благодарност за признанието упати и Радостина Стоилкова, раководителка на Пречистителната станица за

| | |
|---|---|
| | отпадни води во Мојанци. |
| <br> | **Почнува вградувањето паметни уреди за поефикасно искористување на енергијата во јавното осветлување во Кочани**<br><br>Денеска, во рамките на проектот „Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување во Кочани“ се одржа состанок за воведување во работите на избраниот изведувач кој ќе врши надградба на постојните улични кабинети со паметни уреди за управување и мерење на енергијата во системот за јавно осветлување во општина Кочани.<br><br>Во наредниот период, до крајот на април, „Македонски телеком“ како изведувач на работите, во 69 улични кабинети ќе постави паметни уреди, коишто ќе придонесат за подобрување на работењето и управувањето на уличното осветлување во Кочани и за заштеда и поефикасно искористување на електричната енергија.<br><br>Овој проект кој е поддржан од проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција, финансиран од Европската Унија и Германското федерално министерство за економска соработка и развој“, претставува чекор напред кон модернизацијата и управувањето со енергијата во системот за јавно осветлување во Кочани. |
| <br><br><br> | **Општина Кочани и „Макпетрол“ во кампања против врсничкото насилство**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и директорката и членка на Управниот одбор во „Макпетрол“, Марија Јосифовска-Спасовска денеска го потпишаа меморандумот за соработка, со што Општина Кочани ќе биде вклучена во општествено одговорната кампања, преку која „Макпетрол“ дава придонес во решавањето на проблемот со врсничкото насилство.<br><br>Во рамките на оваа кампања, учениците кои посетуваат настава во основните училишта во Општина Кочани ќе се стекнат со знаења за врсничко насилство. Тие ќе учествуваат во работилници со психолог којшто, врз основа на своето долгогодишно искуство на справување со проблемот, ќе сподели најразлични едукативни информации за насилството меѓу врсниците.<br><br>Целта на кампањата е врсничкото насилство да се третира како сериозен проблем во општеството и да се најде начин како да се препознае, а потоа и соодветно да се реагира. Партнерството меѓу „Макпетрол“ и општините се очекува |

| | |
|---|---|
| | да придонесе за подобрување на состојбата на децата и на младите, на кои врсничкото насилство има директно и долго влијание. |
|  | **Нова сообраќајна опрема на кружните текови кај Двојниот мост и во Стришани**<br><br>Изведувачот „Бојта ИНГ“ – Скопје, согласно документацијата од Општина Кочани ја постави сообраќајната опрема на кружниот тек кај Двојниот мост. Со нова опрема ќе биде уреден и кружниот тек во Стришани.<br><br>Врз основа на дефинираното сообраќајно решение за динамичниот и стационарниот сообраќај во централното градско подрачје произлезено од потребата за зголемување на безбедноста на сообраќајот и на нивото на сообраќајна услуга, започна поставување на сообраќајна опрема, вертикална и хоризонтална сигнализација.<br><br>За зголемување на пропусната моќ на сообраќајниците во град Кочани, дефинирање на моторниот и пешачкиот сообраќај, зголемување на местата за паркирање и утврдување на автобуски стојалишта и такси станица изработен е сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај. Со утврдување на режимот на сообраќај на постојната улична мрежа во град Кочани ќе се зголеми нивото на услуга на сообраќајниот тек, ќе се намали времето на патување, ќе се унапреди севкупното ниво на сообраќајна услуга односно ќе се зголеми капацитетот и ќе се подобри нивото на безбедност на движење на возилата со соодветна сообраќајна сигнализација и опрема. |
| <br><br> | **Основните училишта во Кочани го одбележаа 21 Март – Денот на пролетта и на екологијата**<br><br>Со различни еколошки акции, основните училишта во Кочани го одбележаа 21 Март – Денот на пролетта и на екологијата.<br><br>Во знак на поддршка на училиштата, градоначалникот Љупчо Папазов и секретарот на Општина Кочани Драган Ананиев денеска се вклучија во акцијата за засадување дрвца во дворот на ОУ „Крсте Мисирков“ во Оризари. Во дворовите на петте основни училишта во Кочани се засадија педесетина зимзелени и листопадни садници.<br><br>Акциите за озеленување и за расчистување на училниците и на училишните дворови беа проследени со едукативни еколошки содржини и пораки, а во чест на Денот на поезијата ученици читаа и поетски творби. |







**Основното училиште „Раде Кратовче“ го одбележа патрониот празник**

Со оддавање почит на патронот Раде Кратовче и со свечена програма, основното училиште што го носи неговото име одбележа 80 години од неговата смрт.
Свежо цвеќе пред бистата на Кратовче во училишниот двор положија градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, повеќе делегации, како и членови на семејството на Раде Кратовче.

Директорот Глигор Гацовски, во своето обраќање истакна дека ова е најстарото училиште во Општина Кочани, кое претставува расадник на еманципирани и образовани луѓе, училиште кое секогаш стреми кон напредок за поквалитетни услови за работа и учење на наставниот кадар и учениците.

Во рамките на одбележувањето на патрониот празник, покрај наградите на учениците кои подготвиле најуспешни литературни и ликовни творби, беа доделени признанија на наставници за континуиран работен стаж и особен успех во воспитно-образовниот процес и афирмација на училиштето.





**СОУ „Љупчо Сантов“ го прослави патрониот празник**

Со пригодна програма во Центарот за култура „Бели мугри“, Средното општинско училиште „Љупчо Сантов“ го одбележа патрониот празник и 80-годишнината од прераната смрт на антифашистот Сантов.

За постигањата на генерациите и за образованието, кое гимназискиот наставен тим и менаџмент го сфаќа не како рамка, туку како прогрес, говореше Љубомир Гацов, директор на „Љупчо Сантов“.
Кочанските гимназијалци прикажаа дел од своите сценски вештини и умеења, низ музичка, поетска и драмска форма, а настап имаше и ФА „Љупчо Сантов“.

Во рамките на празнувањето, на бистата на Сантов во училишниот двор, делегации ќе положат свежо цвеќе.



**Одбележана 80-годишнината од смртта на Љупчо Сантов и Раде Кратовче**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, делегации од Советот на Општина Кочани, училиштата „Љупчо Сантов“ и „Раде Кратовче“, партиски ограноци и од Сојузот на борците од НОВ им оддадоа почит на

<table>
<tr><td></td><td>борците во антифашистичката борба Љупчо Сантов и Раде Кратовче, кои на 23 март пред 80 години загинаа во селото Главовица, Кочанско.<br><br>Делегациите положија свежо цвеќе на бистите во дворот на СОУ „Љупчо Сантов“ и во Паркот на Револуцијата.</td></tr>
<tr><td><br></td><td>Се градат потпорни ѕидови на неколку локации во Кочани<br><br>Во тек е изградбата на армирано-бетонски потпорни ѕидови, на неколку локации во Кочани.<br><br>Во Бели се гради потпорен ѕид на влезот во селото во должина од 50 м, кој ја дели сообраќајницата од селските гробишта, градба со која се создава и простор за движење на пешаците.<br><br>На улицата „Пролетерски бригади“ во Кочани, изграден е потпорен ѕид со должина од 9 м и со висина до 3 м, а во населбата Усова Чешма ќе се оплатира потпорен ѕид во должина од 10 м.<br><br>Изведувач на работите е „Евроградба-инженеринг“ од Владевци.</td></tr>
<tr><td></td><td>Продолжува субвенционираниот општински линиски превоз на патници во Кочани<br><br>По спроведената постапка за јавна набавка, Општина Кочани го продолжува организирањето општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани.<br><br>Превозот на релацијата: Оризари – Усова Чешма, Бавчалук, спој на улицата „Бел камен“ со „Страша Ербапче“ – Лесна индустрија ќе го реализира „Тасим компанија“ од Оризари. Превезувањето се реализира четирипати во текот на денот, од 8 до 16 часот, од понеделник до сабота.<br><br>Единечната цена на билет по патник за едно возење изнесува 20 денари, од кои Општина Кочани учествува со 50 %, а другите 50 %, односно 10 денари, на превозникот му ги плаќа патникот со купување билет за превоз на соодветната релација.<br><br>Договорот за организирање општински линиски превоз во Кочани е во износ од 2 милиона денари со времетраење од две години.</td></tr>
</table>

Општина Кочани организира јавен градски превоз од декември 2013 година, за што претходно ги изведе потребните инфраструктурни и сообраќајни подготовки.





**Одговорно и совесно паркирање – активност во Кочани од кампањата на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата**

Неправилното паркирање е причина за голем број сообраќајни незгоди во кои страдаат децата, пешаците и велосипедистите. Со цел да даде придонес во сообраќајната едукација и да потсети на почитување на сообраќајните правила и прописи, Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата – Кочани во соработка со Општина Кочани изведе активност под мотото „Одговорно и совесно паркирање“.

Ученици од сообраќајната струка од СОУ „Гошо Викентиев“ и претставници на Полициската станица – Кочани дистрибуираа летоци во чија содржина беа истакнати забранетите локации за паркирање и опасностите што произлегуваат од непрописно паркираните возила. Исто така, со летоци, возачите на моторни возила беа советувани да не го користат мобилниот телефон додека го управуваат возилото.

Со оваа акција Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата и Општина Кочани повикаа на поголема грижа за безбедноста на децата, пешаците, велосипедистите, лицата со посебни потреби и на другите учесници во сообраќајот.



**Во тек е надградба на постојните улични кабинети за заштеда на електричната енергија во јавното осветлување во Кочани**

Во рамките на проектот „Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување во Кочани“, во тек е надградбата на постојните улични кабинети со паметни уреди за управување и мерење на енергијата во системот за јавно осветлување во општина Кочани.

„Македонски телеком“ како изведувач на работите, постави паметни уреди во 13 од планираните 69 ормани за управување со електричната енергија. Надградбата претставува чекор напред кон модернизацијата и управувањето со енергијата во системот за јавно осветлување во Кочани, односно ќе придонесе за заштеда и поефикасно искористување на електричната енергија и за подобрување на работењето и управувањето на уличното осветлување во Кочани.



Реализацијата е поддржана од проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција, финансиран од Европската Унија и Германското федерално министерство за економска соработка и развој“.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани ја одржа 44. седница**

На 4 март 2024 година, во салата во Мултикултурниот центар, Советот на Општина Кочани ја одржа 44. редовна седница, на чиј дневен ред се најдоа три точки.

Со 12 гласа „за“, Советот ги усвои Завршната сметка на Буџетот на Општина Кочани и Годишниот извештај на Општина Кочани за 2023 година.

По образложението од стручните служби, Советот ја усвои и одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година. Дел од прераспределените средства ќе бидат трансферирани на СОУ „Љупчо Сантов“ и на Центарот за развој на ИПР за реализација на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источниот Плански Регион“.

На крајот на седницата, членови на Советот поставуваа советнички прашања.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**